# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК
## од областите
## БИЗНИС ИНФОРМАТИКА и МЕНАЏМЕНТ
## на Економскиот факултет - Прилеп

Врз основа на конкурсот објавен на 29 мај 2014 год. во „Нова Македонија“ и „Лајм“ за избор на наставник од областите ***бизнис информатика*** и ***менаџмент,*** Наставно - научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, со одлука бр. 02-1763/2 од 27.06.2014 година, формира **Рецензентска комисија** за избор на наставник од областите ***бизнис информатика*** и ***менаџмент,*** во состав:

- д-р Маргарита Јанеска, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп;
- д-р Ѓорѓи Манчески, вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп и
- д-р Марика Башеска – Ѓорѓиеска, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп

Врз основа на член 132 став 5 и 6 од Законот за високото образование како и чл. 9, чл.47, чл.48, чл.49 и чл.50 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и по разгледувањето на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во дневните весници **„Нова Македонија“** и **„Лајм“** од **29 мај 2014 година** за избор на наставник од областите ***бизнис информатика*** и ***менаџмент***, во предвидениот рок се пријавија кандидатите д-р Марјан Ангелески и м-р Моника Иваноска.

Бидејќи кандидатот м-р Моника Иваноска, магистер по бизнис менаџмент не ги исполнува условите за избор на наставник, Рецезентската комисија ја зеде предвид пријавата од кандидатот д-р Марјан Ангелески, доцент на Економскиот факултет – Прилеп.

## Биографски податоци за кандидатот, д-р Марјан Ангелески

Д-р Марјан Ангелески е роден на 21.06.1976 година во Прилеп. Основното образование го завршува во Прилеп, каде што завршува и средно образование во Гимназијата „Мирче Ацев“. По завршувањето на средното образование, во учебната 1993/94 година, се запишува на Природно – математичкиот факултет во Скопје каде што дипломира во 1999 година. Во учебната 2002/03 год. се запишува на

последипломскиот студиум по Бизнис администрација – МБА менаџмент на Економскиот факултет во Прилеп, фокус информациска технологија и менаџмент. Магистерскиот труд, на тема **„Значењето на електронскиот бизнис за успешно работење на организациите“**, со успех го одбранува на 12.01.2006 година. На 01.10.2009 година успешно ја одбранува докторската дисертација на тема **„Стратегиски аспекти на електронскиот бизнис и е-подготвеноста на претпријатијата во Република Македонија“**.

Од јули 2001 година времено е вработен во Локалната самоуправа – Општина Прилеп, на проектот „Информатички центар“, поддржан од Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP). На ова работно место останува до февруари 2004 година од кога е ангажиран на Економскиот факултет во Прилеп, како демонстратор по предметите: *математика за економисти* и *компјутерска техника и информатика*. Од октомври истата година, покрај овие два предмети, е ангажиран како демонстратор и по предметот *современо компјутерско програмирање*. Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, од октомври 2005 година е избран за демонстратор по следниве наставни дисциплини: *математика за економисти, компјутерска техника и информатика, современо компјутерско програмирање* и *моделирање на економските појави и процеси*, и тоа за учебната 2005/06 и по истите предмети и за учебната 2006/07 година. Од почетокот на учебната 2007/08 година ангажиран е како демонстратор по предметите: *електронски бизнис, компјутерско програмирање, финансиска и актуарска математика* и *математика за економисти.*

Во јули 2008 година избран е за соработник во звање асистент на Економскиот факултет – Прилеп по група предмети од областа на **бизнис информатиката,** вклучувајќи се во наставно-научниот процес преку реализација на вежбите по предметите: *електронски бизнис, компјутерско програмирање, финансиска и актуарска математика* и *математика за економисти.*

На 13.01.2010 година, кандидатот, Ангелески е избран за наставник во звање доцент по предметот електронски бизнис на Економскиот факултет – Прилеп.

Од октомври 2010 год. кандидатот д-р Марјан Ангелески ја обавува функцијата продекан за настава на Економскиот факултет – Прилеп и е член во Комисијата за наставно научни прашања при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Кандидатот д-р Марјан Ангелески, добро го познава англискиот јазик, а пасивно се служи и со францускиот.

## Учество во реализација на наставата

Кандидатот д-р Марјан Ангелески успешно ја реализира наставата на следниве наставни дисциплини на Економскиот факултет - Прилеп:

- електронски бизнис и електронско банкарство – прв циклус на студии
- е-бизнис менаџмент и проектен менаџмент – напредно ниво – втор циклус студии
- е-бизнис менаџмент и менаџмент – трет циклус студии

Во академската 2010/2011 год. кандидатот изведуваше настава по предметот ИКТ проектен менаџмент на Универзитетот на Југоисточна Европа, а во академските 2010/2011 и 2011/2012 год. ја реализираше наставата по предметите е-бизнис и е-

бизнис менаџмент на првиот односно вториот циклус студии на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи во Битола.
Досега бил ментор и член во комисија на поголем број дипломски и магистерски трудови и член во комисиите за оценка и одбрана на неколку докторски дисертации со што активно партиципирал и дал придонес во оспособувањето помлади наставници.
За успешноста во реализацијата на наставно-образовната дејност потврда е и позитивна оценка од самоевалуацијата што е дадена во прилог на овој реферат.

## Учество на семинари, работилници, обуки и проекти

Д-р Марјан Ангелески досега учествувал на поголем број семинари, работилници, обуки и проекти, и тоа:

- Research project - Innovation policy learning from Norway in Western Balkans, WBinNO, The Research Council of Norway, 2011-2014;
- Regional Joint Doctoral Programme in Entrepreneurship and SMEs Managment for the Western Balkan Countries (DOCSMES);
- семинар и работилница на тема **„Composite indicators development“** во организација на **Joint Research Centre of the European Commission и OECD**, од 20.10.2008 до 22.10.2008 година, **Братислава, Република Словачка**;
- семинар и работилница на тема **"European Union Project Management. How to write and finance a successful application for EU funds in Educational sector"**, од 09.09.2008 до 12.09.2008 год., **Битола, Репубика Македонија**;
- работилница во рамки на ТЕМПУС проектот **„Заеднички постдипломски студии по економија и науки за менаџмент во Југоисточна Европа“, Универзитет во Нови Сад, Економски факултет - Суботица, Суботица, Република Србија**, март, 2008;
- семинар и работилница на тема **„Општините и заштитата на човековата околина“ - семинар за европска соработка, Универзитетот во Сегедин и Сегединскиот центар за безбедносна политика**, од 10.11.2002 до 17.11.2002 год. **Сегедин, Република Унгарија**;
- обука на тема **„Работа со клиенти“**, во организација на **Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС) и USAID**, од 10.12.2003 до 13.12.2003 година, **Скопје, Република Македонија**;
- семинар и работилница на тема **„Стратегиско планирање“**, организирана од **Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС) и USAID,** од 05.10.2002 до 08.10.2002 година, **Охрид, Република Македонија**;
- обука на тема **„Напредни техники и тренинг методологии за MS Office предложени од Microsoft“**, организирана од **UNDP и CEMOC**, од 09.05.2002 до 12.05.2002 гоина., **Охрид, Република Македонија**;
- вклучен е и како предавач во проект поддржан од Агенцијата за развој на претпријатијата од регионот на Прилеп (ПРЕДА) и Фондацијата за развој на информатичка технологија – Информатички центар Прилеп, на тема: **„Користење на интернет и електронска пошта во деловната кореспонденција“;**
- во периодот март-октомври 2007 учествува, како предавач, на проектот „**Програма за обука на наставници, директори и стручни соработници од**

**основните училишта за стекнување основни знаења и вештини за користење на информатичката технологија**“, во рамките на Програмата за човеков и институционален развој на Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите американски држави – USAID/Македонија со поддршка од Министерството за образование на Република Македонија, Бирото за развој на образованието и здружението на граѓани „Македонски центар за граѓанско образование“ – Скопје;
- во континуитет учествува на **TEMPUS** и **FP** работилници, организирани од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

## Реализирани кратки студиски престои во странски универзитети

- University of Nice – Sophia Antipolis, France, (во рамките на TEMPUS проект), јули 2013 год.
- University of Wolverhampton, United Kingdom, (во рамките на TEMPUS проект), јуни 2011 год.
- Факултет за економија и бизнис – Виена, Австрија, (во рамките на TEMPUS проект), Република Австрија, 13.10.2008 до 19.10.2008 год.
- Универзитетот за информатички технологии и менаџмент – Жешов (во рамките на проектот Euro Funds – Macedonian Education – Polish Experience), Полска, 16.11.2008 до 19.11.2008 год.
- Економски факултет – Удине (во рамките на TEMPUS проект), Италија, 01.03.2009 до 15.03.2009 год.

## Список на објавени научни трудови

***Објавени трудови во периодот 2010 - 2014***

1. **Angeleski, M**., Mitrevski, P., Јанеска, М., *“Composite index of e-business strategy readiness of the enterprises in the Republic of Macedonia”,* Book Title: ICT Innovations 2009, pp. 265-274, Springer Berlin Heidelberg, 2010
2. Rocheska, S., **Angeleski, M**., Kostoska, O., "Innovation networks and SMEs competitiveness", *Proc. of the International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development (ICEIRD 2011)*, Ohrid, Macedonia, 2011
3. Kostoska, O., Manceski, G., **Angeleski, M**., "Trade performance of the Macedonian economy according to *technology classes", Proc. of the Fourth International Scientific Conference on "Economic & Social Challenges 2011, Globalization and Sustainable Development", Tirana, Albania, 2011*
4. Vitanova, G., **Angeleski, M**., Spaseska, T., Risteska, F., “Opportunities for Financing the Small and Medium - Sized Business in the Republic of Macedonia” Proceedings of the First *REDETE - Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies*, Banja Luka, 2011
5. Kostoska, O., Mitrevski, P., Manceski, G., **Angeleski, M**., “Measuring the Qualitative Competitiveness of the Macedonian Economy”, Proceedings of the Second REDETE Conference *Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies*: A Search for New Paradigms, Banja Luka, 2012 (ISSN 2233-1034, ISBN 978-99938-46-54-3)

6. Mancheski, Gj**., Angeleski, M**., Kostoska, O., “Indicators for measuring ICT innovations – the case of the Republic of Macedonia”, *Proc. of the 1st International Conference “South-East European Countries towards European Integration”,* Elbasan, Albania, 2012
7. Mancheski, Gj., **Angeleski, M**., Kostoska, O., “ICT enabled innovation readiness of the companies in the Republic of Macedonia”, *Proc. of the 17th International Scientific Conference SM2012 “Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management”*, Subotica, Serbia, 2012
8. Rocheska, S., Kostoska, O., **Angeleski, M**., Mancheski Gj., “EU Innovation Strategy and Global Competitiveness”, 6th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, Istanbul, Turkey, pp. 705-710, 2013
9. Nikoloski, D., Mancheski, Gj., **Angeleski, M**., Kusi, E., *“*The Assessment of Students’ Satisfaction in the South-Eastern European Countries: An Alternative Approach for Evaluating the Quality of Higher Education", *TEM Journal Vol.2, No.3,* September 2013
10. Nikoloski, D., Kusi, E., Mancheski, Gj., **Angeleski, M**., “The assessment of students’ satisfaction in the SEE countries: an alternative approach for evaluating the quality of higher education”, *Second Open Conference of European Integration in Higher Education and Research in the Western Balkans, Belgrade, Serbia, 13 May 2013*
11. Nikoloski, D., Kusi, E., Mancheski, Gj., **Angeleski, M.**, “The assessment of students’ satisfaction in the South-Eastern European countries: an alternative approach for evaluating higher education quality”, *Proc. of the 6th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development (ICEIRD2013) Istanbul, Turkey, June 20-21, 2013*
12. Rocheska, S., Kostoska, O., **Angeleski, M**., Mancheski Gj., “User-driven Innovation: Towards a New Innovation Paradigm”, Proceedings of the International Conference - Using Knowledge to Move from Recession to Prosperity, University in Tuzla, Faculty of Economics, pp. 291-304, 2013
13. Rocheska, S., **Angeleski, M**., Nikoloski, D., Mancheski, Gj., “Harnessing Innovation Potential of Crowdsourcing”, *Proc. of the 8th International Scientific Conference CKS2014 “Challenges of the Knowledge Society”, Bucharest, Romania, May 16th-17th, 2014*
14. Nikoloski, D., **Angeleski, M**., Rocheska, S., Mancheski, Gj., “Does The Higher Education Promote Students’ Entrepreneurial Potential in The South-Eastern European Countries?” *UCB Annals No. 2/2014 Economy Series, 2014*
15. **Марјан Ангелески**, Димитар Николоски, Славица Роческа, Ѓорѓи Манчески „Знаењата и вештините на студентите – предуслов за нивна вработливост на пазарите на труд во Југоисточна Европа“, Зборник од Советување „КАКО ДО ПОГОЛЕМА ВРАБОТЕНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ И ДИПЛОМЦИТЕ?“, МАНУ, Скопје, Македонија, 14 март 2014 год.
16. Rocheska, S., Kostoska, O., **Angeleski, M**., Manceski, G., “User-Driven Innovation: Towards a New Innovation Paradigm”, *Economic Review: Journal for Economics and Business, Vol. XII, Issue 1, May 2014*

*Објавени трудови пред 2010 година*

1. Концептуална рамка и анализа на бизнис моделите на електронското работење, Меѓународната конференција на тема „Предизвиците на новата економија“, Охрид, 2005, во коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска;
2. Некои карактеристики на новата – информациска економија, Годишник на Економски факултет – Прилеп, 2005, коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска;
3. Primena poslovne intelegencije u osiguritelne kompanije, Majska konferencija o strategijskom menađmentu, Bor, јуни 2006, во коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска и проф. д-р Коста Сотироски;
4. Novi poslovni modeli elektronskog poslovanje – ključ uspjeha modernih kompanija, 10 th. international symposium "Organization and management changes-challenges of european integrations" Zlatibor, 7-10 јуни 2006., во коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска и проф. д-р Коста Сотироски;
5. Promene u demografskoj strukturi i prirodna kretanja stanovništva u Republici Makedoniji, XI naučni skup „Strukturne promene i demografska kretanja zemalja Južne Evrope“, Niš, 29 jun, 2006 g., во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и проф. д-р Маргарита Јанеска;
6. Kreiranje vrednosti u e-biznis organizacijama, III konferencija o strategijskom menadzmentu, Jagodina, juni 2007, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и проф. д-р Маргарита Јанеска;
7. Aktuarska uloga u upravljanju sa rizikom prilikom osiguranja života u osiguravajućim kompanijama, XII internacionalni naučni skup, Subotica, 2007, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и проф. д-р Маргарита Јанеска;
8. Risk-based analysis of electronic banking, XII internacionalni naučni skup, Subotica, 2007, во коавторство со м-р Оливера Костоска и проф. д-р Маргарита Јанеска. Трудот е селектиран во изборот на трудови објавени во списанието на конференцијата “International Journal of Strategic Mangement and Decision Support System in Strategic Management”, vol. 3-4/2007, pp. 74-76;
9. Providing continuous financial resources – as a precondition for complete autonomies of the high educational institutions, XIII symposium "Accreditation of Bologna studies", Kopaonik, 2007, во коавторство со м-р Мирослав Андоновски;
10. Prepoznavanje nove vrednosti u e-snabdevačkim lancem, The third Serbian symposium with international participation transport and logistics, Niš, мај 2008, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и проф. д-р Маргарита Јанеска;
11. Индикатори што влијаат врз е-подготвеноста на компаниите во Република Македонија, Меѓународна конференција на тема „Бизнисот и глобализацијата“, Охрид, 2007, во коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска и проф. д-р Коста Сотироски;
12. Анализа на индексот на дигитални можности (DOI) и индексот на ИКТ можности (ICT-OI) во балканските држави, Меѓународната конференција на тема „Бизнисот и глобализацијата“, Охрид, 2007, во коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска и проф. д-р Коста Сотироски;
13. E-upravljanje snabdevačkim lancem u funkciji dobijanja nove vrednosti, XIII internacionalni naučni skup, „Strategijski menadžment i sistemi podrške odlučivanju u strategijskom menadžmentu“, Subotica, мај 2008, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и проф. д-р Маргарита Јанеска;

14. Selection of statistical calculators in the process of business decision making, "World Quality day", Sofija, 9-10 Noemvri, 2008, во коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска и проф. д-р Коста Сотироски;
15. E-business implications for productivity and competitiveness, Proc. of the Session of scientific communications with international participation "The society of knowledge and the progress of democracy", "Constantin Brâncuşi" University of Târgu – Jiu, 6-8 June, 2008, во коавторство со проф. д- р Пеце Митревски и м-р Оливера Костоска;
16. Системи подршке одлучивања у управљању са перформансима производње, XIV интернационани научни скуп SM 2009, „Strategijski menadžment i sistemi podrške odlučivanju u strategijskom menadžmentu", Subotica, мај 2009, во коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска и проф. д-р Коста Сотироски;
17. Мерење е-бизнис стратешке перформансе, XIV интернационани научни скуп SM 2009, „Strategijski menadžment i sistemi podrške odlučivanju u strategijskom menadžmentu", Subotica, мај 2009, во коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска и проф. д-р Коста Сотироски;
18. Improving competitiveness and productivity growth: the role of information and communication technology, e-journal - "Scientific papers of European studies chair", vol. 2, 2009, Rzeszow, Poland, во коавторство со асс. м-р Оливера Костоска;
19. Innovation and Competitiveness of Small Businesses in the Global Economy, научна конференција на тема „Poslovno okruženje u Srbiji i svetska ekonomska kriza", Нови Сад, Република Србија, 27.10.2009 год., во коавторство со проф. д-р Славица Роческа и асс. м-р Оливера Костоска.

**Покрај наведените трудови, коавтор е и на следниве учебни помагала:**

1. Финансиска и актуарска математика - збирка решени задачи, 2009 (во коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска) во издание на Економскиот факултет – Прилеп и
2. Збирка задачи по математика за економисти, 2007 (во коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска) во издание на Економскиот факултет – Прилеп.

## КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Марјан Ангелески, Комисијата констатира дека кандидатот покажува континуиран, сериозен и плодотворен однос кон развојот на економската мисла, давајќи свој придонес во економската научна сфера од областите бизнис информатика и менаџмент.

Анализирајќи ја научноистражувачката активност на кандидатот, д-р Марјан Ангелески, Комисијата констатира дека тој има респектабилен творечки опус, изразен преку бројните објавени научни трудови од коишто дел се објавени во научни списанија индексирани во респектабилни меѓународи бази. Покрај тоа, треба да се потенцира перманентната определба на кандидатот, д-р Марјан Ангелески, за континуирано професионално и научно усовршување за што говорат и големиот број реализирани обуки, семинари, работилници, студиски престои во странство и учество во научно истражувачки проекти. Тоа ја потврдува неговата ориентација за

системски пристап кон непосредната и поширокат област и проблематиката којашто се однесува на областите за коишто тој конкурира.

Исто така, за одбележување е и наставно-образовната активност на кандидатот, д-р Марјан Ангелески. Имено, тој максимално совесно, одговорно, професионално и квалитетно ги извршува своите работни задачи и обврски, а притоа остварува коректен однос како со колегите, така и со студентите. Кандидатот, д-р Марјан Ангелески, перманентно се стреми за подобрување и осовременување на наставата, применувајќи соодветен методолошки пристап во презентирањето на наставните содржини. Токму со ваквиот темелен пристап, систематичност, концизност и разбирлив стил, тој на прифатлив и лесен начин знае да им го пренесе своето знаење и искуство на студентите. Тоа се докажува и со исклучително позитивните резултати од спроведената самоевалуација од страна на Универзитетот.

Врз основа на изнесените и аргументирани констатации во извештајот, а имајќи ја предвид претходно презентираната содржина, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ги исполнува сите предвидени услови согласно Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола и му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп да го избере д-р Марјан Ангелески за ***наставник во звање вонреден професор*** од областите ***бизнис информатика*** и ***менаџмент***.

**Прилеп**
25.07.2014 год.

**Рецензентска комисија:**

1. д-р Маргарита Јанеска, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп, с.р.

2. д-р Ѓорѓи Манчески, вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп, с.р.

3. д-р Марика Башеска Ѓорѓиеска, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп, с.р.

Со цел доконкретизирање на констатациите за позитивните резултати од спроведената самоевалуација од страна на Универзитетот за кандидатот д-р Марјан Ангелески, Рецезентската комисија врши

# Д О П О Л Н У В А Њ Е

На Рефератот за избор на наставник од областите бизнис информатика и менаџмент и на Економскиот факултет – Прилеп објавен во Билтен бр. 389 од 12.08.2014 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола

Од резултатите на извршената самоевалуација произлегува дека кандидатот д-р Марјан Ангелески позитивно е оценет на сите испитувани индикатори вклучени во анкетното истражување за самоевалуација. Имено, 98,18% од вкупо 55 анкетирани студенти одговориле дека наставникот е соодветно подготвен за квалитетна реализација на наставата и дека за време на предавањата е посветен и предизвикува интерес кај студентите. 94,55% од анкетираните студенти одговориле дека наставникот користи интерактивни методи на настава, ги мотивира студентите за вклучување во наставниот процес и стимулира дополнителни активности на студентите. 98,18% од анкетираните студенти потенцирале дека наставникот редовно ја изведува наставата, како и дека односот кон студентите и личната култура се на соодветно ниво. По однос на оценувањето и содржините во предметната програма, 96,36% посочиле дека станува збор за современи содржини во предметната програма, покриени со соодветна литература, а резултатите од студентите објективно се оценуваат од страна на наставникот.
Согласно претходно наведеното, рецензентската комисија го оцени како исклучително позитивен извештајот од самоевалуацијата за кандидатот д-р Марјан Ангелески.

**Прилеп**
09.09.2014 год.

**Рецензентска комисија:**

1. д-р Маргарита Јанеска, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп

2. д-р Ѓорѓи Манчески, вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп

3. д-р Марика Башеска Ѓорѓиеска, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп

Република Македонија
Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола
Економски факултет – Прилеп
Бр. 02 – 2659/1
15.10.2014 год.
П р и л е п

Врз основа на член 132 став 1 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 87/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014 и 116/2014), а во врска со чл. 63 став 1 алинеја 7 од Законот за високото образование, Наставно-научниот совет на седницата одржана на ден 15.10.2014 год. ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
за избор на наставник

Член 1

Врз основа на Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите: **бизнис информатика и менаџмент** на Економскиот факултет – Прилеп, објавен во дневните весници „Лајм" и "Нова Македонија" на ден 29 мај 2014 год., како и рефератот за избор на наставник од областите **бизнис информатика и менаџмент,** изготвен од Рецензентската комисија, во состав:

1. д-р Маргарита Јанеска, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп;
2. д-р Ѓорѓи Манчески, вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп и
3. д-р Марика Башеска-Ѓорѓиеска, редовен професор на Економски факултет – Прилеп

објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола бр. 389 од 12.08.2014 година и Анексот на Билтенот бр.390 од 24.09.2014 година

***д-р Марјан Ангелески***

е избран за наставник во звање **вонреден професор** од областите **бизнис информатика и менаџмент** на Економскиот факултет – Прилеп.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 13.01.2015 година.

Д е к а н,
проф. д-р Ѓорѓи Манчески